Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

ЕУ со ТЕБЕ



# ИНФОРМИРАЈ СЕ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

www.pravnapomos.mk

## ШТО Е БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

Право на лицата кои се во тешка материјална положба да имаат пристап до правна помош и да бидат ослободени од плаќање на трошоци за водење на одредени постапки.

## КАКО МОЖЕ ДА СЕ ОСТВАРИ БЕСПЛАТНАТА ПРАВНА ПОМОШ?

Бесплатната правна помош може да се оствари во две форми.

**ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ** која опфаќа правно информирање, советување, упатување и помош при пополнување на формулари и претставки. Примарната правна помош е достапна за сите лица.

**СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ** опфаќа помош за лица на кои им е неопходно водење судски, управни и управно судски постапки и кои ги исполнуваат условите, а вклучува:

- правна помош од адвокат за застапување и составување на писмено барање;
- ослободување од судски такси и трошоци поврзани со постапката пред суд;
- ослободување од трошоците за вештачење;
- ослободување од административни такси;

## КОИ СЕ УСЛОВИТЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ПРАВО НА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

Лицето има право да добие секундарна правна помош доколку поради својата финансиска состојба не може да ги оствари со Устав и со закон загарантираните права, без да го загрози сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство.

Услови во однос на приходот

- Месечниот приход на барателот кој живее сам да не го надминува износот на минималната нето плата во Република Северна. Македонија, утврдена со Законот за минимална плата,
- Месечниот приход на барателот кој живее во заедничко домаќинство со членовите на неговото семејство да не го надминува износот на минималната нето плата и месечниот приход на секој нареден член на семејството не го надминува износот од 20% од минималната нето плата утврдена со Законот за минимална плата.

Услови во однос на имотот

- Лицето и членовите на неговото/нејзиното семејство да имаат во сопственост само еден еднostамбен објект или стан како посебен дел од зграда во кој живеат;
- Покрај објект/стан во кој живеат, имаат во сопственост една или повеќе физички поврзани катастарски парцели со вкупна површина не поголема од 300 м² во Град Скопје или 500 м² во општините во Република Северна Македонија, односно една или повеќе катастарски парцели со вкупна површина не поголема од 5000 м² во рурални средини и
- Лицето и членовите на неговото семејство да имаат само едно регистрирано моторно возило чија работна зафатнина на моторот не е поголема од 1 200 кубни сантиметри.

По исклучок секундарна правна помош може да се одобри без утврдување и проверка на нивната финансиска состојба доколку:

- барателот е сместен во згрижувачко семејство, станбена единица за организирано живеење со поддршка или во установа за социјална заштита;
- барателот има потреба од покренување и застапување во постапка за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство пред надлежен суд или
- барателот поради елементарна непогода, виша сила или други околности кои се надвор од негова контрола се најде во финансиска состојба што го спречува самостојно да обезбеди заштита на своите права.

## ЗА КОИ ПРАВНИ ПРАШАЊА МОЖАМ ДА ПОБАРАМ СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ?

Секундарна правна помош се одобрува за застапување во сите степени во граѓански судски постапки, управни постапки и управни спорови освен за: царински и даночни работи; поведување постапка за клевета и навреда; надомест на нематеријална штета, освен во случаи за жртви на кривични дела, како и во случај на смрт или тежок инвалидитет; прекршоци и прекршочни постапки; јавни и комунални услуги определени во Законот за заштита на потрошувачите и Законот за комунални дејности; имотни прашања во управна постапка (денационализација, приватизација на градежно земјиште, легализација на бесправно изградени објекти).

## КАДЕ МОЖАМ ДА СЕ ОБРАТАМ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

За обезбедување подетални информации за условите и постапката за остварување на право на бесплатна правна помош можете да се обратите:

**А.** Во едно од 34-те подрачни одделенија на Министерството за правда, согласно вашето живеалиште/престојувалиште:
https://www.pravda.gov.mk/Upload/Editor_Upload//kontakti_MP_PO_2019.pdf

**Б.** Здруженијата на граѓани кои се регистрирани за давање на бесплатна правна помош:
https://www.pravda.gov.mk/bpp

**В.** Правните клиники (во рамки на правните факултети) кои се регистрирани за давање на бесплатна правна помош:
https://www.pravda.gov.mk/clinics

**Г.** Адвокати со стекнати овластувања за давање на секундарна правна помош:
https://www.pravda.gov.mk/bp-advokati

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа.
Тука споделените гледишта не треба да се смета дека се официјално мислење на ниту една од двете страни.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа